# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

14 јули 2026 година, Гевгелија | Број 12, Година XLV

# Содржина:

## АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

278.Одлука за обезбедување средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година – финансиска помош за лекување……………………1

279.Одлука за прифаќање донација од ЛИДЛ Северна Македонија ДООЕЛ Скопје………………………………………………………………………2

280.Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Гевгелија……………………………………………………3

281.Одлука за давање согласност на Одлуката за започнување постапка за давање под закуп недвижна ствар - училишна кујна во ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија……………………………………………………4

282.Одлука за давање согласност на Одлуката за започнување постапка за давање под закуп недвижна ствар - училишна кујна во ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија……………………………………………………5

283.Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување во ЈОУ Библиотека ""Гоце Делчев"-Гевгелија за 2027 година……………………6

284.Одлука за продолжување на работното време на угостителски објект во Општина Гевгелија……………………………………………………7

## АКТИ НА КОМИСИЈА НА СТАТУТ И ПРОПИСИ

1.Исправка на техничка грешка во Одлука за донесување на Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 10.4.8 и ГП 10.4.5 од ДУП за Блок 10 (10.1, 10.3, 10.4 и 10.5, Одлука број 07-1667/1 од 12 и 13.09.2013) КО Мрзенци, општина Гевгелија……………………………………………………………………8

# АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 г.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 10.07.2026 година, донесе

## ОДЛУКА

**за обезбедување средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година – финансиска помош за лекување**

**Член 1**

Се донесува Одлука за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година за медицински третман и лекување во странство на лицето Викторија Костадинова од Гевгелија.

**Член 2**

Износот кој Општина Гевгелија ќе го исплати е 150.000 денари нето износ и истите ќе се исплатат од ставка А0 конто 412 - Совет на Општина Гевгелија и ставка Д0 464 - Градоначалник.

Одобрените финансиски средства да се исплатат на лицето Мери Костадинова од Гевгелија, на трансакциска сметка 200001800178663, депонент во Стопанска банка АД Скопје.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-967/1
10.07.2026 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г. и "Службен весник на РСМ" бр.202/24 год.), член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), а во врска со член 6 од Законот за финансирањето на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18г. и ("Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25 год.), и член 10 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 10.07.2026 година, донесе

# ОДЛУКА

## за прифаќање донација од "ЛИДЛ Северна Македонија" ДООЕЛ – Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука Општина Гевгелија ја прифаќа донацијата од давателот "ЛИДЛ Северна Македонија" ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на Бул. "Киро Глигоров" бр.2 во Скопје, во форма на добра и услуги, односно: изведба (изградба) на дел од сервисна улица 2 од ДУП за Урбан Блок 10 (дел од Блок 10.5) во Општина Гевгелија, врз основа на ревидиран Основен проект со тех. бр.0701-101 од ноември 2025 година, со сите потребни фази (градежништво, сообраќај и атмосферска канализација), изработен од Друштво за градежништво, архитектура, трговија и производство СТОУН ФОРМ ДООЕЛ Гевгелија), со вкупна проценета вредност на донацијата од **7.596.965.00 денари без ДДВ.**

### Член 2

Донацијата не создава никаква корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

### Член 3

Се задолжува Одделението за правни работи во Општина Гевгелија да изготви Договор за прифаќање на донацијата со давателот на донацијата, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните државни органи.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-968/1
10.07.2026 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова**

---

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24г.), член 23 став (3) од Законот за угостителска дејност (,,Службен весник на РМ“ бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 71/16 г. и ,,Службен весник на РСМ“ бр.31/20 и 16/25 г.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 10.07.2026 година, донесе

# ОДЛУКА

## за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши продолжување на работното време на угостителските објекти кои вршат дејност на подрачјето на Општина Гевгелија, за време од два часа од регистрираното работно време на угостителскиот објект.

**Член 2**

Продолжувањето на работното време од два часа важи за 29.08.2026г./ 30.08.2026 година (сабота спрема недела), поради организирање на Бела ноќ.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-969/1
10.07.2026 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова**

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 32 и член 133 став (2) од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), а во врска со член 3 став (2), член 36 и член 67 од Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25 год.), и член 113 став (1) алинеја 28 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20, 03/25, 74/25, 250/25 и 111/26 год.) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 10.07.2026 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за давање согласност на Одлуката за започнување постапка за давање под закуп на недвижна ствар – училишна кујна на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за започнување на постапка за давање во закуп на недвижна ствар – училишна кујна на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија, донесена од Училишниот одбор на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија под бр.02-4/42 од 06.07.2026 година.

**Член 2**

Училишната кујна на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија е со површина од 75 м2, се наоѓа на приземјето на ова училиште на КП бр.3656/1 КО Гевгелија, запишана како сопственост на Општина Гевгелија во Имотен лист бр.35353 КО Гевгелија.

**Член 3**

Се задолжува Директорот на ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија да ја спроведе постапката за избор на најповолен закупец на недвижната ствар опишана во член 2 од оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-970/1
10.07.2026 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова**

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 32 и член 133 став (2) од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), а во врска со член 3 став (2), член 36 и член 67 од Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25 год.), и член 113 став (1) алинеја 28 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20, 03/25, 74/25, 250/25 и 111/26 год.) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 10.07.2026 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за давање согласност на Одлуката за започнување постапка за давање под закуп на недвижна ствар – училишна кујна на ООУ "Крсте Мисирков"- Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за започнување на постапка за давање во закуп на недвижна ствар – училишна кујна на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, донесена од Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија под бр.02-301/5 од 06.07.2026 година.

**Член 2**

Училишната кујна на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија е со површина од 90 м2 на приземјето на ова училиште, на КП бр.5228 КО Гевгелија, запишана како сопственост на Општина Гевгелија во Имотен лист бр.1024 КО Гевгелија.

**Член 3**

Се задолжува Директорот на ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија да ја спроведе постапката за избор на најповолен закупец на недвижната ствар опишана во член 2 од оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-971/1
10.07.2026 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова**

---

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и “Службен весник на РСМ бр.143/19,14/203, 02/20; 208/24; 210/24), и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 10.07.2026 година донесе

# РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"- Гевгелија за 2027 година**

1.Се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година на ЈОУ Библиотека ,,Гоце Делчев" – Гевгелија со архивски број 01-81/1 од 28.05.2026 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-972/1
10.07.2026 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова**

---

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24г.), член 23 став (3) од Законот за угостителска дејност (,,Службен весник на РМ" бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 71/16 г. и ,,Службен весник на РСМ" бр.31/20 и 16/25 г.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 10.07.2026 година, донесе

# ОДЛУКА

**за продолжување на работното време на угостителски објект во Општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши продолжување на работното време на угостителскиот објект – Ланч бар Де факто Гевгелија што врши дејност на подрачјето на Општина Гевгелија, за време од еден час од регистрираното работно време на угостителскиот објект, по повод 14-ти роденден на Де факто.

**Член 2**

Продолжувањето на работното време од еден час важи за 11.07.2026/12.07.2026 г. (сабота спрема недела), односно до 02:00 часот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-973/1
10.07.2026 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Анета Стамкова**

# АКТИ НА КОМИСИЈА НА СТАТУТ И ПРОПИСИ

Врз основа на член 46 став (4) од Статутот на Општина Гевгелија (,,Сл. гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21, 15/21год.) Комисијата за статут и прописи при Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 10.07.2026год. утврди дека во Одлуката за донесување на Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 10.4.8 и ГП 10.4.5 од ДУП за Блок 10 (10.1, 10.3, 10.4 и 10.5, Одлука број 07-1667/1 од 12 и 13.09.2013) КО Мрзенци, општина Гевгелија под архивски број:09-666/1 од 27.04.2026год. е направена техничка грешка во цитираните катастарски парцели.

Затоа се предлага да се изврши исправка на техничката грешка во делот на цитираните катастарски парцели на веќе донесената одлука која ќе биде составен дел на Одлуката под арх.бр.09-666/1 од 27.04.2026 год.

## ИСПРАВКА НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА

**во Одлука за донесување на Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 10.4.8 и ГП 10.4.5 од ДУП за Блок 10 (10.1, 10.3, 10.4 и 10.5, Одлука број 07-1667/1 од 12 и 13.09.2013) КО Мрзенци, општина Гевгелија**

Се врши исправка во текстот на Одлука бр.09-666/1 од 27.04.2026год. за Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на границите на градежните парцели ГП 10.4.8 и ГП 10.4.5 од ДУП за Блок 10 (10.1, 10.3, 10.4 и 10.5, Одлука број 07-1667/1 од 12 и 13.09.2013) КО Мрзенци, општина Гевгелија и се менува член 2 став (4) и тоа наместо:

Во рамките на проектниот опфат и градежната парцела се опфатени катастарските парцели: целосно се опфатени КП 1/16, 1/15, 1/14, 31, 32/1, 32/2, 32/3, 33/1, 33/2,34, 50/9 и делови од КП 53/3, 53/4, 1/2 и 35/1 КО Мрзенци, Општина Гевгелија. Границата на проектниот опфат има вкупна површина од 29.842м2.

Треба да стои:

"Во рамките на проектниот опфат и градежната парцела се опфатени катастарските парцели: целосно се опфатени КП 1/16, 1/15, 1/14, 31, 32/1, 32/2, 32/3, 33/1, 33/2,34, 50/9 и делови од **КП 50/1**, КП 53/3, 53/4, 1/2, 35/1 и **29/2** КО Мрзенци, Општина Гевгелија. Границата на проектниот опфат има вкупна површина од 29.842м2".

Оваа исправка на техничка грешка се однесува само за член 2 каде што се цитирани катастарските парцели.

Бр.09-978/1
10.07.2026год.
Гевгелија

Претседавач
на Комисија за статут и прописи
при Советот на Општина Гевгелија,
**Николчо Петров**



| |
|---|
| ***"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА"***, ***Излегува по потреба*** |
| ***Уредува и издава: Општина Гевгелија-Одделение за правни работи.*** |
| ***Ул. „Димитар Влахов" бр.4, Гевгелија*** |